Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 83-та седница одржана на 27.02.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2667/1 од 09.08.2021 година, поднесена против судии и други службени лица, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-2667/1 од 09.08.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 09.08.2021, доставена е пријава против судии и други службени лица и оформен е предмет број 12-2667/1 од 09.08.2021 година.

Во пријавата се наведува дека истата се поднесува против -------------------- – Претседател на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар, со седиште во Гостивар; судија -------------------------------- – претседател на совет и судиите --------------------- и ---------------------------- – членови на советот; судијата --------------------------------- – претседател на советот и -------------------------------- и ---------------- – членови на советот. Подносителот наведува дека со одолговлекување на постапката и пропуштање да се земат предвид сите факти и околности во случајот пријавените постапиле спротивно на Законот за денационализација, а подносителот го изгубил управниот спор.

По разгледувањето на предметните наводи и доставените прилози, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои се предмет на надлежно

постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија кој е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

Оттука, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во конкретниот случај а пријавата да ја достави на надлежно постапување на Судскиот совет на РСМ, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Заменик Претседател
Катица Николовска**